**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## (семе, саден материјал и ѓубрива)
## - тематска анализа -

Изработил: Славчо Маркоски

март, 2017 година

**ВОВЕД**

Согласно Правилникот за работата и организацијата на Посебната организациона единица Парламентарен институт, оваа истражувачка работа се изработува по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт, Секторот за општи анализи, истражувања и евроинтеграции.

Оваа истражувачка работа е од информативен карактер, а во неа се обработува кратка историја на органското производство во Република Македонија, законско регулирање на производството на органски производи и увозот на семе/саден материјал и користењето на органски ѓубрива.

# I. Историја на органското производство во Република Македонија

Првата активност во органскиот сектор во Република Македонија се забележува во 1997 година, кога Алкалоид побарува прв органски сертификат во земјата со цел дивите билки (липа, камилица) да ги продава како органски на националниот пазар. Првата контрола на органско производство во Република Македонија е направена во 2003 година, а првиот сертификат за органско производство е издаден во 2004 година[1]. Во 2007 година Владата на Република Македонија ја усвојува Националната стратегија со акционен план за органско земјоделство[2] во Република Македонија 2008 - 2011 година. Во 2013 година се усвојува нова Национална стратегија за органско производство[3] 2013 - 2020 година.

Законот за органско земјоделско производство за прв пат е донесен во 2004 година, а во 2009 година донесен е нов закон за органско земјоделско производство кој целосно усогласен со Европската регулатива 834/2007[4] и 889/2008[5]. Со донесување на законот за органско земјоделско производство

[1]Национален план за органско производство на Република Македонија 2013 - 2020 година http://www.mzsv.gov.mk/files/Nacionalen%20Plan%20za%20Organsko%20Proizvodstvo_2013%20-%202020.pdf

[2] Национална стратегија со акционен план за органско земјоделство 2008 - 2011 година Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/files/NSAP%20Mkd.pdf

[3] Национална план за органско производство 2013 - 2020 година Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/files/Nacionalen%20Plan%20za%20Organsko%20Proizvodstvo_2013%20-%202020.pdf

[4] Европска регулатива 834/07 http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32007R0834

[5] Европска регулатива 889/08 http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2008:250:0001:0084:en:PDF

донесени се повеќе правилници и листи[6] со кои се регулираат процедурите за органско производство. Со донесувањето на законот за органско земјоделско производство во Република Македонија во моментот имаме две сертификациски тела ( БАЛКАН БИОСЕРТ[7] и ПРО - ЦЕРТ[8]) кои се акредитирани од Институт за акредитација[9] на Република Македонија и овластени од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за вршење на стручна контрола на органското производство.

**Под Органско земјоделско производство се подразбира начин на производство каде методите кои се користат се во согласност со одредбите од овој закон во сите фази на производството, подготовката и дистрибуцијата*[10].***

**Табела бр.1 Вкупна сертифицирана производна површина во Република Македонија за период од 2005 - 2015 година[11]**

| Година | Вкупна сертифицирана производна површина / ha | Број на оператори |
|---|---|---|
| 2005 | 266,00 | 50 |
| 2006 | 509,42 | 102 |
| 2007 | 714,47 | 150 |
| 2008 | 1.029,00 | 226 |
| 2009 | 1373,83 | 321 |
| 2010 | 5.228,00 | 562 |
| 2011 | 6.580,92 | 780 |
| 2012 | 4.633,08 | 576 |
| 2013 | 3.167,85 | 400 |
| 2014 | 2.359,49 | 344 |
| 2015 | 2.631,96 | 481 |

[6] Правилници и листи за органско земјоделско производство на Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/?q=node/185

[7] Официјална интернетска страница на Балкан Биосерт http://www.balkanbiocert.mk/

[8] Официјална интернетска страница на Про-Церт http://www.procert.mk/

[9] Официјална интернетска страница на Институтот за акредитација на Република Македонија http://www.iarm.gov.mk/

[10] Дефиниција за органско земјоделско производство член 3 став(1) Закон за органско производство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 146/2009, 53/2011, 149/2015, 39/2016 и 132/2016) http://www.balkanbiocert.mk/Konsolidirana%20posledna%20verzija%20od%20Zakon%20za%20OP.pdf

[11] Министерство за земјоделство шумарство и водостопанствона Република Македонија - Производни капацитети под органска сертифицирана површина 2005 - 2015 година http://www.mzsv.gov.mk/files/Organsko%20proizvodstvo_sostojba%202015.pdf

**Графикон бр.1 Вкупна сертифицирана производна површина во Република Македонија за период од 2005 - 2015 година**




# II. Семе и саден материјал во Република Македонија

Семенскиот и садниот материјал во Република Македонија е регулиран со Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија[12], а одговорна институција е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија. Постапката за увоз на семе и саден материјал е пропишана во горенаведениот закон односно во член 26, 28 и 29 како и потребните сертификати за квалитет при увозот на истите. ISTA сертификатот е документ со кој се потврдува квалитетот на семето кое се пушта во меѓународниот промет[13], а го издава Меѓународната организација за испитување на квалитетните својства на семето, со седиште во Цирих, Швајцарија (ISTA)[14].

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство води регистар на официјални регистрирани правни лица кои можат да продаваат/увезуваат семе[15] и саден материјал[16], од кој може да се види дека не се поделени дали увезуваат органско или конвенционално семе и саден материјал.

---

[12] Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2006; 89/2008; 171/2010; 53/2011; 69/2013; 187/2013; 43/2014; 129/2015; 39/2016 и 71/2016)

[13] ISTA е документ со кој се потврдува квалитетот на семето односно партијата на семе која се пушта на меѓународниот пазар.

[14] Меѓународна организација за испитување на кавалитетните својства на семето ISTA http://www.seedtest.org/en/home.html;jsessionid=D83BA3676FDC71FAF645F0B898A0BA9D

[15] Регистар на семенски материјал - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија ***(податоците се заклучно со 1 февруари 2013 година)*** http://www.mzsv.gov.mk/files/registar_na_semenski_materijal.csv

[16] Регистар на саден материјал - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија ***(податоците се заклучно со 1 Февруари 2013 година)*** http://www.mzsv.gov.mk/files/registar_na_saden_materijal.csv

# III. Ѓубрива и биостимулатори за подобрување на почвата во Република Македонија

Увозот и производството на органските ѓубрива во Република Македонија е регулирано со Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата[17], а одговорна институција е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија (Фитосанитарна управа). Постапка за увозот, условите за увоз на суровините за ѓубрива е пропишана во член 21 и 22 во Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата. Согласно Законот за органско земјоделско производство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија која има изработена Листата на органски ѓубрива и средства за подобрување на почвата[18] се врши усогласување на Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр.889/2008 од 5 септември 2008 година, со која се утврдуваат правилата за спроведување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 834/2007 за органско производство и етикетирање на органските производи.

**Под органски ѓубрива се подразбираат ѓубрива кои со најмалку 30% органски материи од растително или животинско потекло (шталско, осока, компост, тресет, и др.), кои се внесуваат во почвата за подобрување на својствата на почвата и исхрана на растенијата кои покрај органски материи содржат и најмалку 1% азот, 1% фосфор- (В) оксид и 1% калиум-оксид[19].**

---

[17] Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 154/2015 и 39/2016).

[18] Листа на органски органски ѓубрива и средства за подобрување на почвата http://www.mzsv.gov.mk/files/Lista%20na%20gjubrinja%20i%20sredstva%20za%20podobruvanje%20na%20svojstvata%20na%20pocvata.pdf

[19] Дефиниција за органско ѓубре член 3 став 13 од Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 154/2015 и 39/2016).

Во табела бр. 2 прикажан е увозот на органски и неоргански ѓубрива за 2015 година прикажани во единица мерка (килограм)[20].

**Табела бр.2 Увоз на органски и неоргански ѓубрива за 2015 година**

| | |
|---|---|
| НПК | 15.300.000 |
| КАН | 7.400.000 |
| УРЕА | 7.000.000 |
| Амониум-нитрат | 20.000.000 |
| Течни минерални ѓубрива | 861.000 |
| Калиев хлорид | 153.000 |
| **Органски ѓубрива** | **668.000** |
| Ѓубриво (други видови) | 6.000.000 |
| Минерални ѓубрива | 776.000 |
| Суровини за ѓубрива | 100.000 |
| ВКУПНО | **58.258.000** |

Извор: Државен инспекторат за земјоделство на Република Македонија

[20] Податоците од табелата бр.2 се добиени по е маил од Државниот инспекторат за земјоделство на Република Македонија за 2015 година.

| РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009 - 2015 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид/Култура | | | | | | | | | | | | |
| | Житни | | | Фуражни | | | Индустриски | | | Маслодајни | | |
| **Година** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** |
| **2009** | 501,52 | 166,35 | **667,87** | 101,04 | 82,05 | **183,09** | 12,31 | 31,32 | **43,63** | 63,78 | - | **63,78** |
| **2010** | 2.723,7 | 276,1 | **2.998,8** | 848,9 | 145,7 | **994,9** | 32,1 | - | **32,1** | 40,7 | 6,7 | **47,4** |
| **2011** | 3.292,38 | 378,03 | **3670.41** | 724,48 | 260,76 | **985,24** | 32,73 | 4,89 | **37,62** | 149,9 | 9,26 | **159,16** |
| **2012** | 1.345,12 | 899,24 | **2.244,36** | 435,87 | 552,13 | **988** | 17,34 | 15,19 | **32,53** | 86,33 | 73,42 | **159,75** |
| **2013** | 770,16 | 787,81 | **1.557,97** | 315,52 | 375,74 | **691,26** | 33,15 | 1,44 | **34,59** | 40,17 | 33,27 | **73,44** |
| **2014** | 193,90 | 702,50 | **896,40** | 69,48 | 454,51 | **523,99** | - | - | **-** | 24,02 | 95,51 | **119,53** |
| **2015** | 187,29 | 417,13 | **604,42** | 231,65 | 745,68 | **977,33** | - | - | **-** | 82,7 | 20,86 | **103,56** |

Извор: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија[21]

[21] Капацитети за растително органско производство во Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/?q=node/220

| РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009 - 2015 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид/Култура | | | | | | | | | | | | |
| | Овошни | | | Лозови | | | Градинарски | | | Угар | | |
| **Година** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно/ха** |
| **2009** | 137,48 | 73,55 | **211,03** | 46,25 | 13,92 | **60,17** | 84,22 | 58,64 | **142,86** | - | - | **-** |
| **2010** | 165,9 | 168,3 | **334,2** | 223,6 | 20,7 | **244,3** | 164,2 | 35,7 | **199,9** | 306,4 | 66,3 | **372,7** |
| **2011** | 764,25 | 206,87 | **971,12** | 11,07 | 29,67 | **40,74** | 192,67 | 70,54 | **263,21** | 406,18 | 47,24 | **453,42** |
| **2012** | 424,12 | 78,78 | **502,9** | 80,27 | 46,5 | **126,77** | 111,52 | 46,16 | **157,68** | 316,45 | 134,64 | **451,01** |
| **2013** | 239,45 | 82,1 | **321,55** | 10,68 | 31,24 | **41,92** | 49,8 | 71,57 | **121,37** | 124,74 | 179,52 | **304,26** |
| **2014** | 317,97 | 109,15 | **427,12** | 71,05 | 25,49 | **96,54** | 30,24 | 22,17 | **52,41** | 204,22 | 38,98 | **243,20** |
| **2015** | 220,28 | 179,91 | **400,19** | 49,71 | 26,68 | **76,39** | 42,36 | 41,52 | **83,88** | 103,28 | 539,0 | **1 642,29** |

Извор: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија[22]

[22] Капацитети за растително органско производство во Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/?q=node/220

| СТОЧАРСКО/ПЧЕЛАРСКО ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009 - 2015 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИДОВИ | | | | | | | | | | | | |
| | ГОВЕДА | | | ОВЦИ | | | КОЗИ | | | ПЧЕЛИ | | |
| **Година** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно бр.** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно бр.** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно бр.** | **Во преод** | **Органско** | **Вкупно бр.** |
| **2009** | 180 | 197 | **377** | 21.844 | 208 | **22.052** | 791 | 248 | **1.039** | 5 | / | **5** |
| **2010** | 2.522 | 37 | **2.559** | 92.523 | 6.275 | **98.798** | 2.470 | 578 | **3.048** | 4.443 | 9.444 | **13.887** |
| **2011** | 3.810 | 1.411 | **5.221** | 63.670 | 50.234 | **113.904** | 2.084 | 3.049 | **5.133** | 4.804 | 8.777 | **13.581** |
| **2012** | 712 | 1.981 | **2.693** | 28.160 | 45.551 | **73.711** | 412 | 2.605 | **3.017** | 2.938 | 6.065 | **9.003** |
| **2013** | 1.213 | 1.523 | **2.736** | 27.254 | 37.047 | **64.301** | 248 | 2.698 | **2.946** | 1.238 | 5.121 | **6.363** |
| **2014** | 773 | 1.363 | **2.136** | 16.998 | 36.486 | **53.484** | 527 | 1.749 | **2.276** | 928 | 5.357 | **6.285** |
| **2015** | 3.180 | 1.574 | **3.180** | 34.243 | 35.764 | **70.007** | 1.235 | 2.777 | **4.012** | 1.366 | 5.566 | **6.932** |

Извор: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија

# Листа на извори


1. Национален план за органско производство на Република Македонија 2013 - 2020 година http://www.mzsv.gov.mk/files/Nacionalen%20Plan%20za%20Organsko%20Proizvodstvo_2013%20-%202020.pdf
2. Национална стратегија со акционен план за органско земјоделство 2008 - 2011 година Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/files/NSAP%20Mkd.pdf
3. Национална план за органско производство 2013 - 2020 година Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/files/Nacionalen%20Plan%20za%20Organsko%20Proizvodstvo_2013%20-%202020.pdf
4. Европска регулатива 834/07 http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32007R0834
5. Европска регулатива 889/08 http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2008:250:0001:0084:en:PDF
6. Правилници и листи за органско земјоделско производство на Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/?q=node/185
7. Официјална интернетска страница на Балкан Биосерт http://www.balkanbiocert.mk/
8. Официјална интернетска страница на Про-Церт http://www.procert.mk/
9. Официјална интернетска страница на Институтот за акредитација на Република Македонија http://www.iarm.gov.mk/ж
10. Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2006; 89/2008; 171/2010; 53/2011; 69/2013; 187/2013; 43/2014; 129/2015; 39/2016 и 71/2016)
11. Регистар на семенски материјал - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија ***(податоците се заклучно со 1 февруари 2013 година)*** http://www.mzsv.gov.mk/files/registar_na_semenski_materijal.csv
12. Регистар на саден материјал - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија ***(податоците се заклучно со 1 Февруари 2013 година)*** http://www.mzsv.gov.mk/files/registar_na_saden_materijal.csv
13. Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 154/2015 и 39/2016).
14. Листа на органски органски ѓубрива и средства за подобрување на почвата http://www.mzsv.gov.mk/files/Lista%20na%20gjubrinja%20i%20sredstva%20za%20podobruvanje%20na%20svojstvata%20na%20pocvata.pdf
15. Дефиниција за органско ѓубре член 3 став 13 од Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 154/2015 и 39/2016).
16. Капацитети за растително органско производство во Република Македонија http://www.mzsv.gov.mk/?q=node/220